Врз основа на член 53 од Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014, 139/2014, 61/2015, 154/2015, 23/2016 и 178/2016) и член 19 од Договорот за основање на Друштвото за приредување игри на среќа на Државна Видеолотарија на Република Македонија – КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, заведен со архивски број 02-395/2 од 29.01.2018 година, Генералниот директор на Друштвото донесе:

# ПРАВИЛА

## ЗА ЕЛЕКТРОНСКА ИГРА НА СРЕЌА Lucky Balls (СРЕЌНИ ТОПЧИЊА)

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овие Правила се пропишуваат услови за приредување на електронска игра на среќа Lucky Balls (Среќни топчиња) (во натамошниот текст: Среќни топчиња) кои ги приредува Државна Видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа доо Скопје (во натамошниот текст: Приредувач)

### Член 2

Среќни топчиња е бројчана игра со извлекување на броеви.

### Член 3

Уплатите за играта Среќни топчиња може да се примаат на уплатни места организирани од страна на Приредувачот.

Уплатно места подразбира локација која е опремена со терминал за примање на уплати. Учесникот на играта на уплатното место преку претставник на приредувачот може да учествува во играта Среќни топчиња.

Овие Правила се исклучиво законски основ за учество во играта на среќа Среќни топчиња, врз основа на прифаќање на општите услови и содржините во овие Правила и по слободно изразена волја на учесникот односно со чинот на уплата на износот испишан на издадената потврда за уплата на Среќни топчиња на самото уплатно место.

Овие Правила се обврзувачки како за Приредувачот на играта Среќни топчиња така и за учесникот во играта Среќни топчиња.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

**Член 4**

Учесник во Среќни топчиња се смета лице кое како доказ поседува потврда за уплата под услов нејзината содржина да е запишана во снимените податоци во компјутерскиот систем на Приредувачот, во рокот определен за уплата пред извлекувањето на броевите како и компјутерскиот испис на потврдата и снимените податоци во компјутерскиот систем на Приредувачот да се во потполност идентични, а електронскиот запис означен како валиден.

Потврдите за уплата кои постојат на електронски запис, и со тоа учествувале во формирањето на фондот за уплата се валидни потврди за уплата.

Потврдите за уплата кои постојат на електронскиот запис, а се поништени, откажани или препечатени и со тоа не учествувале во формирањето на фондот за уплата се невалидни потврди за уплата.

Потврдите за уплата кои постојат на електронскиот запис, а не се означени како валидни и со тоа не учествувале во формирање на фондот за добивки се невалидни потврди и не можат да претставуваат основ за Приговор односно жалба.

Лице помладо од 18 години не може да биде учесник во играта Среќни топчиња.

## I. НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИРЕДУВАЧОТ

**Член 5**

Приредувач на играта на среќа Среќни топчиња е Државна Видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа доо Скопје со седиште во Скопје.

## II. ОПИС И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ИГРАТА

**Член 6**

Играта Среќни топчиња се приредува по кола (извлекување). Уплатата се врши во точно определени временски термини (интервали) помеѓу секое коло (извлекување).

Приредувачот со Одлука го одредува бројот на колата (извлекувања), временскиот интервал помеѓу извлекувањата како и почетниот односно крајниот термин за уплата.

Приредувачот се обврзува благовремено да ги запознае учесниците за точното време (термините) на извлекувањата на броевите за играта на среќа Среќни топчиња.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

Во секое коло (извлекување) на играта на среќа Среќни топчиња се извлекуваат триесетипет (35) топчиња со испишани броеви од групата броеви од еден (1) до четириесетиосум (48).

Извлечениот број не учествува во натамошното извлекување.

Сите четириесетиосум (48) топчиња со броеви се во 8 различни бои подеднакво застапени и тоа:

1. Црвена
2. Зелена
3. Плава
4. Виолетова
5. Кафеава
6. Жолта
7. Портокалова
8. Црна

**Член 7**

Со Одлука на Приредувачот, во случај на стагнација и опаѓање на прометот од која било причина, Приредувачот може времено да прекине со приредување на Среќни топчиња, при што ќе го утврди терминот на одржувањето на последното коло, времетраење на прекинот и термин на одржување на следното коло со кое ќе продолжи со приредувањето, за што Приредувачот е должен благовремено да ги запознае учесниците во играта.

Приредувачот го задржува правото со Одлука да го промени времето (термините) на извлекувања на броевите и временскиот интервал помеѓу извлекувања на броевите во играта на среќа Среќни топчиња, за што благовремено ќе ги запознае учесниците во играта.

**Член 8**

Учеството во Среќни топчиња се остварува со уплата на влог за игра.

На една потврда за уплата може да се комбинираат сите видови игри.

Секоја одиграна игра се пресметува како една комбинација.

Во видот на играта «Игра на броеви» може да се одиграат до осум поединечни комбинации на една потврда за уплата.

**Член 9**

Во играта на среќа Среќни топчиња може да се одиграат следниве видови на игри:



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА • МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ • IV • СКОПЈЕ

1. Игра на броеви;
2. Збир на првите 5 извлечени броеви, поголем или помал од 122,5;
3. Првиот извлечен број, поголем или помал од 24,5;
4. Првиот извлечен број, парен или непарен;
5. Боја на првото извлечено топче;
6. Во целата игра дали има повеќе парни или непарни броеви;
7. Најчесто извлечена боја;
8. Последниот извлечен број, поголем или помал од 24,5;
9. Последниот извлечен број, парен или непарен;
10. Боја на последно извлечено топче.

**Член 10**

На една потврда за уплата може да се одигра поединечна или системска игра на Среќни топчиња.

Учесникот во играта, од групата на броеви од еден (1) до четириесетиосум (48) по сопствен избор може да избере и одигра минимално шест (6) броеви, а максимално десет (10) броеви. Во случај кога учесникот во играта одбере повеќе од шест (6) броеви, потврдата за уплата се пресметува како одиграни комбинации на броеви (систем), чиј број на комбинации зависи од бројот на одиграни броеви.

Бројот на комбинации во однос на бројот на одбрани и одиграни броеви се прикажани во следната табела:

| **Одиграни броеви** | **Број на комбинации** |
|---|---|
| 6 | 1 |
| 7 | 7 |
| 8 | 28 |
| 9 | 84 |
| 10 | 210 |

На една потврда за уплата може да се одигра максимално 219 комбинации (210 комбинации од игра на броеви + 9 комбинации од останатите видови игри).



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

**Член 11**

Во играта учесникот може да одигра и добие еден или повеќе броеви по случаен избор од страна на системот за поединечна игра или игра со повеќе комбинации (систем).

Учесникот може одеднаш да изврши уплата за повеќе наредни кола (извлекувања) – «претплата»,. Доколку учесникот сака да изврши уплата за повеќе извлекувања, со играње во «претплата» го определува бројот на наредни кола (извлекувања) кои следат во низа по колото (извлекувањето) за кое е извршена уплатата. Во претплата може да се одиграат 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 или 10 кола (извлекувања).

## III. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ИГРАТА

**Член 12**

Доколку исписот и сите податоци на потврдата за уплата на Среќни топчиња не се идентични со електронскиот запис во компјутерскиот систем, важи електронскиот запис во компјутерскиот систем.

Во Среќни топчиња учествуваат само оние комбинации на броеви кои се испишани на потврдата.

Ако постојат несогласувања помеѓу било кои податоци на потврдата за уплата со оние кои се запишани во компјутерскиот систем, важи електронскиот запис од компјутерскиот систем.

**Член 13**

Потврдата за уплата може да се откаже до самиот почеток на извлекувањето на колото за кое е извршена уплатата односно доколку предходно не завршило дозволеното време за истата уплата или не започнало извлекувањето на броевите за колото (извлекување) за кое е уплатена потврдата за уплата. По откажување на потврдата за уплата, истата станува неважечка.

После завршеното дозволено време за уплата и истечениот рок од предходниот став приговорите не важат.

Продавачот е должен да ја чува и достави поништената потврда за уплата на Приредувачот во рок што ќе му биде определен.

Поништувањето и откажувањето на потврдата за уплата е можно само на истиот терминал на уплатно-исплатното место каде е извршена уплатата.

**Член 14**

Доказ за учествување во играта Среќни топчиња е исклучиво издадената потврда за уплата на Среќни топчиња.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

Потврдата за уплата на Среќни топчиња учествува во тоа коло (извлекување) за кое кое нејзиниот запис е запишан во компјутерскиот систем.

**Член 15**

Учесникот во играта Среќни топчиња должен е веднаш по уплатата да ја провери потврдата за уплата. Дополнителни приговори нема да бидат уважени.

Приредувачот не сноси одговорност за штети настанати поради кражби или друга виша сила поради која дошло до исчезнување или уништување на потврдата за уплата.

## IV. МЕСТО ВО КОЕ СЕ ПРИРЕДУВА ИГРАТА НА СРЕЌА, ОДНОСНО ПОДРАЧЈЕТО НА КОЕ СЕ ВРШИ УПЛАТАТА НА ВЛОГОВИТЕ ЗА УЧЕСТВО ВО ИГРАТАТА НА СРЕЌА

**Член 16**

Среќни топчиња се приредува на територијата на Република Македонија освен во технолошките индустриски развојни зони.

Уплата за Среќни топчиња се врши во уплатни места организирани од страна на Приредувачот, кои имаат добиено согласност од Министерството за финансии.

## V. ПОЕДИНЕЧНА ЦЕНА НА ИГРАТА

**Член 17**

Цената на поединечна игра односно комбинација за Среќни топчиња износува 1 денар.

Минимална уплата на една потврда за уплата за сите видови игри од Среќни топчиња изнесува 20 (дваесет) денари, а максимална уплата на една потврда за уплата за сите видови игри на Среќни топчиња изнесува 2.000 (две илјади) денари.

Цената на поединечна игра односно комбинација за Среќни топчиња, како и минималната и максималната уплата на една потврда за уплата за сите игри од Среќни топчиња одредена во став 1 и став 2 од овој член Приредувачот може да ја менува со Одлука за што е должен претходно благовремено пред почетокот на примената на Одлуката, да ги запознае учесниците во играта.



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

## VI. ВИДОВИ ДОБИВКИ И НИВНА ВРЕДНОСТ

### Член 18

Добивките за видот на играта «Игра на броеви», зависат од тоа на кој извлечен број учесникот ги погодил сите одиграни шест броеви во една комбинација. На пример во случај кога со 9-иот извлечен број учесникот во играта ги погодил сите шест броеви во една комбинација, добивката ќе изнесува 1.000 x влогот за таа комбинација.

Во видот на играта «Игра на броеви», добивка се постигнува кога одиграните броеви на потврдата за уплата одговараат на броевите извлечени во извлекувањето.

Добивка во видот на играта «Игра на броеви» се постигнува до триесетипеттиот (35) извлечен број.

Добивките и коефициентите за видот на играта ,,Игра на броеви,, прикажани се во следната табела:

| **Остварени добивки на извлечени броеви** | **Коефициенти** | | **Остварени добивки на извлечени броеви** | **Коефициенти** |
|---|---|---|---|---|
| Од 1 до 5 | Нема добивка | | 20 | 50 |
| | | | 21 | 40 |
| 6 | 10.000 | | 22 | 30 |
| 7 | 7.500 | | 23 | 25 |
| 8 | 5.000 | | 24 | 20 |
| 9 | 2.500 | | 25 | 15 |
| 10 | 1.000 | | 26 | 10 |
| 11 | 500 | | 27 | 9 |
| 12 | 300 | | 28 | 8 |
| 13 | 200 | | 29 | 7 |
| 14 | 150 | | 30 | 6 |

| Остварени добивки на извлечени броеви | Коефициенти | | Остварени добивки на извлечени броеви | Коефициенти |
|---|---|---|---|---|
| 15 | 100 | | 31 | 5 |
| 16 | 90 | | 32 | 4 |
| 17 | 80 | | 33 | 3 |
| 18 | 70 | | 34 | 2 |
| 19 | 60 | | 35 | 1 |

**Член 19**

Добивки од останатите видови на игри се постигнуваат:

- Во видот на играта « Збир на првите 5 извлечени броеви, поголем или помал од 122,5», добивка се постигнува кога збирот на првите 5 извлечени броеви (топчиња) одговара со одиграната игра од потврдата за уплата која може да биде поголема или помала од 122,5. Учесникот во играта може да избере и одигра дали збирот на првите 5 извлечени броеви ќе биде поголем или помал од 122,5;
- Во видот на играта »Првиот извлечен број, поголем или помал од 24,5« добивка се постигнува кога бројот на првиот извлечен број (топче) одговара со одиграната игра од потврдата за уплата која може да биде поголема или помала од 24,5. Учесникот во играта може да избере и одигра дали првиот извлечен број ќе биде поголем или помал од 24,5;
- Во видот на играта »Првиот извлечен број, парен или непарен« добивка се постигнува кога бројот на првиот извлечен број (топче) одговара со одиграната игра од потврдата за уплата која може да биде парна или непарна. Учесникот во играта може да избере и одигра дали првиот извлечен број ќе биде парен или непарен;
- Во видот на играта »Во целата игра дали има повеќе парни или непарни броеви« добивка се постигнува кога од сите извлечени броеви (топчиња) има повеќе парни или непарни броеви односно да одговара со одиграната игра од потврдата за уплата која може да биде со повеќе парни или непарни броеви од сите извлечени броеви. Учесникот во играта може да избере и одигра дали од сите извлечени броеви ќе има повеќе парни или непарни броеви;
- Во видот на играта »Последен извлечен број, поголем или помал од 24,5« добивка се постигнува кога бројот на последниот извлечен број (топче)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА • МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ • IV • СКОПЈЕ

одговара со одиграната игра од потврдата за уплата која може да биде поголема или помала од 24,5. Учесникот во играта може да избере и одигра дали последниот извлечен број ќе биде поголем или помал од 24,5;

- Во видот на играта »Последен извлечен број, парен или непарен« добивка се постигнува кога бројот на последниот извлечен број (топче) одговара со одиграната игра од потврдата за уплата која може да биде парна или непарна. Учесникот во играта може да избере и одигра дали последниот извлечен број ќе биде парен или непарен.

Коефициентот за шестте горе наведени видови игри изнесува 1,90.

**Член 20**

Учесникот во играта Среќни топчиња може да одбере и одигра 1(една), 2(две) или 4(четири) бои од 8-те различни бои подеднакво застапени во вкупно 48 топчиња со броеви во видот на игрите »Боја на првото извлечено топче«, »Најчесто извлечена боја« и »Боја на последено извлечено топче«.

Во видот на играта »Боја на првото извлечено топче«, добивка се постигнува кога бојата на првото извлечено топче со број одговара со одиграната игра од потврдата за уплата. Учесникот во играта избира од 8 понудени бои;

Во видот на играта »Најчесто извлечена боја« добивка се постигнува кога најчесто извлечената боја од сите извлечени бои кои се застапени помеѓу извлечените топчиња со бројки во една игра, одговара со одиграната игра од потврдата за уплата. Учесникот во играта избира која боја од извлечените топчиња со бројки најмногу ќе биде застапена;

Во видот на играта »Боја на последно извлечено топче« добивка се постигнува кога бојата на последното извлечено топче со број одговара со одиграната игра од потврдата за уплата. Учесникот во играта избира од 8 понудени бои;

Во зависност од бројот на избрани бои, зависи и евентуалната добивка:

- »Избор на 1 боја, коефициентот изнесува 7,60«;
- »Избор на 2 бои, коефициентот изнесува 3,80«;
- »Избор на 4 бои, коефициентот изнесува 1,90«;

**Член 21**

Во случај кога одбраната и одиграната боја од потврдата за уплата од видот на играта »Најчесто извлечена боја« е извлечена подеднаков број пати како и некоја друга боја, коефициентот се пресметува по формула:

$$m = \frac{7,60 * mc}{sc} / mf$$

Каде:

m = коефициент за број на избрани бои

mc = број на погодени бои

sc = број на избрани бои (1, 2 или 4)

mf = број на најчесто извлечени бои

Пример: Учесникот во играта со влог од 100 денари одиграл дека црвената ќе биде најчесто извлечена боја. Во текот на играта најчесто извлечени бои се црвена, плава и жолта. Во тој случај добивката се пресметува по формула:

$$m = ((7,60 \times 1)/1)/3 = 2,5333$$

$$добивка = 2,5333 \times 100 = 253,33 \text{ денари}$$

**Член 22**

Во една комбинација Среќни топчиња може да се оствари само една од можните добивки.

Евентуалната добивка се пресметува така што уплатата се множи со добитниот коефициент, после што се собираат сите добивки.

**Член 23**

Добивките и коефициентите по видови на Среќни топчиња игри може да се менуваат со Одлука на Приредувачот за што е должен Приредувачот благовремено пред почетокот на примената на Одлуката, да ги запознае учесниците во играта.

Приредувачот го задржува правото со Одлука да одреди износ за добивки наменети за извлекување на серискиот број на потврдата за уплата или дел од серискиот број, со однапред дадено известување до учесниците во играта.

Со Одлука Приредувачот детално ќе ги уреди сите видови добивки и начинот на постигнување на добивките, коефициенти, уплата и останати добивки од дополнителни игри за што Приредувачот е должен да ги извести и запознае учесниците во играта на среќа Среќни топчиња навремено, пред извлекувањето.

**Член 24**

Максимална исплата на секоја потврда за уплата поединечно изнесува 500.000 денари.

Максималната исплата на една потврда за уплата одредена во став 1 од овој член Приредувачот може да ја менува со Одлука за што е должен претходно благовремено пред почетокот на примената на Одлуката, да ги запознае учесниците во играта.



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ • IV • СКОПЈЕ

## VII. ОПИС НА ПОТВРДАТА ЗА УПЛАТА

### Член 25

При уплатата, на учесникот му се издава потврда за уплата.

Потврдата за уплата од играта на среќа Среќни топчиња е испишана на термална хартија и таа содржи:

- Име на Приредувачот;
- Податоци за уплатното место;
- Дата и време на уплата;
- Број на потврдата за уплата и ПИН код;
- Податоци за одиграните игри / комбинации;
- Податоци за евентуалната добивка;
- Џекпот код;
- Контролен бар код/QR код;
- Промотивни пораки и веб адреса на Приредувачот.

Потврдата за уплата може да содржи и други информации.

### Член 26

Потврдата за уплата која не ги содржи основните елементи утврдени во член 25 на овие Правила, е неважечка.

Учесникот во Среќни топчиња е должен при уплатата да ја провери исправноста на потврдата за уплата.

## VIII. НАЧИН, ПОСТАПКА И КОНТРОЛА НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ИЗВЛЕКУВАЊЕТО, ОДНОСНО УТВРДУВАЊЕ НА ДОБИВКИТЕ

### Член 27

Извлекувањето на броевите во играта Среќни топчиња се врши со помош на електронски или механички генератор на случајности каде резултатот од извлекувањето се пренесува електронски.

Електронскиот генератор е генератор на случајни броеви со чија помош се врши извлекување на броеви во однапред дефинирани временски интервали. Начинот на генерирање на броевите се одвива според познати и проучени математички методи.

Точниот начин на кој функционира математичкиот модел се смета за доверлив документ и истиот потпишан и печатиран од страна на Деловниот соработник во затворен коверт ќе биде депониран во сефот на Државната Видеолотарија на Македонија.

### Член 28

Добивките ги утврдува т.е. пресметува компјутерскиот систем.

## IX. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ДОБИВКИТЕ И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИГРАТА

### Член 29

Конечниот извештај за едно коло Среќни топчиња ги содржи следните податоци:

- редни броеви на колата како и времето на извлекување за секое коло поединечно
- извлечени броеви по коло
- вид, број и вкупна вредност на добивките
- рок за приговор и период на застарување на исплатата на добивките.

Конечниот извештај се објавува на интернет страната на Приредувачот најдоцна во рок од еден ден од денот на завршување на колото.

### Член 30

Учесникот има право да поднесе приговор најдоцна 3 дена од денот на објавување на конечниот извештај.

Приговорот се испраќа со препорачано писмо или непосредно се предава во седиштето на Приредувачот во работно време.

Приредувачот е должен на секој примен приговор да одговори писмено во рок од 8 дена од денот на приемот на приговорот.

Приговорите примени по истекот на рокот од став еден на овој член се сметаат за неблаговремени и се отфрлаат.

### Член 31

Приговорот треба да содржи:

- реден број на колото (извлекувањето),
- ознака на продажното место каде што е извршена уплатата
- во што се состои приговорот
- читко напишани име и презиме, адреса и телефон за контакт на подносителот на приговорот и
- фотокопија од потврдата за уплата

Приговорот кој не ги содржи некои од елементите наведени во ставот 1 на овој член или содржи неточни податоци, ќе се смета за неоправдан и се отфрла.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ

## X. НАЧИН И РОК НА ИСПЛАТА НА ДОБИВКИТЕ

**Член 32**

Добивките ги исплатува Приредувачот на уплатно-исплатните места, до износот кој го определил Приредувачот со Одлука. Добивките кои го надминуваат износот за исплата определен со Одлуката, Приредувачот ги исплатува на адреса на Државна Видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа доо Скопје.

**Член 33**

Добивката се исплаќа на доносителот на потврдата за уплата на која не смее да има никакви оштетувања.

Со предавање на потврдата за уплата на Среќни топчиња, учесникот е должен да даде на увид лична исправа на лицето кое врши исплата, за добивките кои подлежат на оданочување.

**Член 34**

Персоналниот данок на доход паѓа на товар на учесникот кој ја остварил добивката.

Начинот на пресметка на персоналниот данок на доход и исплатите на добивките се вршат согласно законската регулатива во Република Македонија.

Исплатата на добивките ја гарантира Приредувачот.

**Член 35**

Правото за наплата на добивките застарува во рок од 30 дена, сметајќи од денот на објавувањето на извештајот за резултатите од играта.

## XI. НАЧИН НА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ИГРАТА СО ОВИЕ ПРАВИЛА

**Член 36**

Пред почетокот на приредувањето на Среќни топчиња, Приредувачот е обврзан да ги објави овие Правила на својата интернет страница.

Правилата на игра треба да бидат расположиви и на сите уплатни места на Приредувачот, каде продавачите се должни да ги покажат на увид.

Сите Одлуки кои произлегуваат од овие Правила се објавуваат на интернет страната на Приредувачот пред одржување на колото за кое се однесува Одлуката.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ

## XII. ПОСТАПКА ВО СЛУЧАЈ НА ОТКАЖУВАЊЕ НА ИЗВЛЕКУВАЊЕТО

**Член 37**

Доколку започнатото извлекување не е можно да се изврши поради технички причини (прекин на струја, прекин на емитување на извлекувањето поради технички причини, грешка во коефициенти или виша сила и слично), и истото извлекување не продолжи во рок од 30 минути Приредувачот благовремено ќе ги врати примените уплати на учесниците во играта на среќа Среќни топчиња.

Приредувачот го задржува правото од оправдани причини, виша сила или технички дефект, грешка во комуникацијата, грешка во коефициенти и резултати или погрешна пресметка во исплатата да ги поништи сите игри или да ги поништи примените потврди за уплати и да ги врати примените уплати на учесниците во играта на среќа Среќни топчиња.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 38**

Приредувачот е должен да ги чува електронските записи најмалку една година сметајќи од денот на одржаното извлекување на одделно коло.

Исклучително во случај кога е покренат судски спор заради остварување на права од учествувањето во играта Среќни топчиња, Приредувачот е должен да ги чува електронските записи најмалку до правосилното завршување на судската постапка.

**Член 39**

За решавање на судските спорови кои произлегуваат од учеството во играта Среќни топчиња, надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

**Член 40**

Овие Правила стапуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се применуваат од коло (извлекување) на играта на среќа Среќни топчиња одредено со Одлука на Приредувачот, по добиена согласност од Министерството за финансии.

Генерален директор,

Костадин Каракабаков

Државна лотарија на Република Македонија · Друштво за приредување игри на среќа Касинос Аустрија ДОО · СКОПЈЕ

**Бр. 03-4086/1**

**13.11.2018 година**

Република Македонија · Министерство за финансии · Скопје

15.03.2019